ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT
Улица „23 Октомври" бр. 11, 1000 Скопје Тел: (02) 3250 100; Емаил: info@piom.com.mk
Rruga "23 Oktomvri" nr. 11, 1000 Shkup Tel: (02) 3250 100; Email: info@piom.com.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

**за ангажирање на доктори-специјалисти**

I. За потребите на Комисијата за оцена на работна способност (Комисија за ОРС), Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија објавува Јавен повик **за ангажирање на четири (4) доктори-специјалисти со договор за извршување на самостојна работа,** под следните услови:

- Да се доктори специјалисти со работно искуство во областа на специјалноста;
- Да не се во работен однос во други установи или приватни здравствени организации (при што може да конкурираат и пензионирани доктори-специјалисти, кои ги исполнуваат бараните услови) и
- Да поседуваат компетенции за тимска работа.

II. Докторите-специјалисти потребно е да имаат работно искуство во областа на некоја од следните специјалности:

- Интерна медицина,
- Трудова медицина,
- Психијатрија,
- Неврологија,
- Хирургија,
- Офталмологија.

III. Работни задачи и обврски:

- Учество во комплетирање на предмети во врска со целокупната работа и медицинска документација;
- Вршење целосен увид во приложената работна и медицинска документација и непосреден преглед при донесување на наод, оцена и мислење за остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување (право на инвалидска пензија, право на професионална рехабилитација, право на паричен надоместок поради телесно оштетување и сл.), остварување на право од работен однос (скратено работно време, промена, опасност од настанување на инвалидитет), телесно оштетување, категоризација по член 2;
- Самостојно извршување на најсложени работи во Комисијата од областа на оцена на работната способност поради остварување на правата од ПИО, остварување на право на гарантирана минимална помош и остварување на права согласно меѓународните договори од областа на социјалното осигурување;
- Вршење на непосреден преглед на осигуреникот во неговиот дом, во здравствената установа во која се лекува и во други места каде е сместен, доколку осигуреникот е нетранспортибилен или неподвижен;
- Вршење и други административни работи за потребите на Комисијата за ОРС.

IV. Флексибилно работно време: почеток од 7:30 - 8:30, крај до 15:30 – 16:30.

V. За извршената работа ќе се исплатува паричен надоместок во износ од 40.000 денари, месечно.

VI. Заинтересираните лица, пријавите можат да ги достават во главната архива на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија или по пошта на адресата на Фондот: Ул. „23-ти Октомври" бр.11, 1000 Скопје.

VII. Дополнителни информации може да се добијат на контакт тел. 02/3250-380 или преку е-маил адреса: Ajrun.Rexhepi@piom.com.mk.